**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-82/10**

**Скопје, 15.02.2007 година**

**УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Управата за хидрометеоролошки работи, (во понатамошниот текст УХМР) сметка за средства од Буџетот на РМ за 2005 година, кои се прикажани на страните 12 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. За годините кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е извршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Владо Спиридонов, директор на УХМР.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 11, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 16.11. 2006 до 12.01.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 05 и 06.02.2007 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Управата за хидрометеоролошки работи, за средствата од Буџетот на РМ, под бр. 03-187/6 од 02.02.2007 година, од одговорното лице Владо Спиридонов и примен одговор по извештаите, под бр 187/7 од 05.02.2007 година од законскиот застапник – директорот Ѓорѓи Котев. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - За забелешките, заведени под бр 03-187/6 од 02.02.2007 година, кои се однесуваат на наодите во точка 10.1.1, 10.1.2, 10.1.3, 10.1.4, 10.1.5, 10.2.3, 10.4.4, 10.5.1, 10.5.2. и 13 ал 1 од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.
    - Одговорот по извештаите бр 187/7 од 05.02.2007 година се однесува на преземени мерки по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности во извештајот за ревизија на финансиските извештаи на сметката за средства од Буџетот на РМ, сметката за приходи наплатени од органи и сметката за приходи од самофинансирачки активности за 2005 година.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти:**

11.1.1. Во изминатиот период нема донесено годишни и повеќегодишни програми за вршењето на хидрометеоролошките работи кои што треба да ги донесе Собранието на РМ, на предлог на Владата, спротивно на чл 7 ст 1 и 2 од Законот за хидрометеоролошки работи, со што не може да се следи динамиката и степенот на извршување на планираните активности на УХМР за годината која е предмет на ревизија.

11.1.2. УХМР нема изготвено годишен извештај за работењето на управата за 2005 година, кој би бил составен дел на годишниот извештај на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поради што не може да се утврди во колкав обем УХМР ги извршило активностите кои се во нејзина надлежност.

11.1.3. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не ги донел прописите, наведени во чл 22, 23 и 25 од Законот за вршење на хидрометеоролошки работи, со кои ќе ги регулира хидрометеоролошките

работи и начинот на нивното вршење, и кои што согласно чл 29 од наведениот Закон, имал обврска да ги донесе во согласност со министерот за здравство, министерот за животна средина и министерот за транспорт и врски во предвидениот рок. Овие прописи не се донесени ниту претходно кога бил задолжен директорот на Републичкиот хидрометеоролошки завод. Нерегулирањето и недонесувањето на прописи од областа на извршувањето на хидрометеоролошките работи од донесувањето на Законот во 1992 година до денес може да доведат до неправилно, несоодветно и неефикасно извршување на истите што може да предизвика несакани последици по животот и здравјето на луѓето и животната средина.

11.1.4. Директорот на УХМР не ги доставил предлог актите до Владата на РМ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за да истите се разгледаат и донесат со цел да се регулира работењето согласно законските прописи во делот на користењето на услугите од повремени набљудувачи и стрелци, иако во 2005 година од страна на раководителот на одделението за нормативно правни и општи работи изготвени се предлог акти доставени до директорот на 23.03.2005 година со предлог за потпишување, и тоа: Предлог Програма за работа на хидролошки и метеоролошки станици и метеоролошки радарски центри и противградобијни станици во 2005 год, Предлог Правилник за утврдување на критериуми за определување на надоместок за вршење на повремени хидрометеоролошки работи со повремени набљудувачи односно стрелци; кои согласно Законот треба да ги потпише министерот за земјоделие односно претседателот на Владата; и подзаконските акти: Предлог Правилник за начинот, условите и постапката за избор на повремен набљудувач односно стрелец, и Предлог Решение за овластување на лице за вршење на повремени хидрометеоролошки работи, како и повремен набљудувач односно стрелец и за утврдување на износот.

11.1.5. Владата на РМ не ги утврдила критериумите за определување на надоместокот за вршење на повремени хидрометеоролошки работи на набљудувачите, односно стрелците, спротивно на чл 10 ст 2 од Законот за хидрометеоролошки работи, а висината на надоместокот за вршење на повремени работи на набљудувачите, односно стрелците е утврдена од директорот на УХМР наместо министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, спротивно на чл 10 ст 3 од истиот закон. Ваквата состојба може да има за ефект неекономично и неквалитетно извршување на работите.

11.1.6. Одговорните лица во УХМР не ги применуваат целосно упатствата и инструкциите за начинот на организирање и работа со противградобијни ракети (во понатамошниот текст ПГР) во рамките на системот за одбрана од град, поради тоа што нема назначено лице со посебно решение за магационер кое ќе биде материјално задолжено за прием и издавање на ПГР врз основа на приемници и требовања, не е обезбедена евиденција за набавените, потрошените, уништените, позајмените и исчезнатите ПГР со сите неопходни податоци, наведени во упатството бр 891/1од 2005 година, што е спротивно на Законот за заштита од експлозивни материи. Се изготвуваат извештаи за состојбата на ПГР на крајот од годината потпишани само од едно лице. Не се дадени писмени извештаи за извршен надзор и внатрешна контрола, и дали истата се врши од страна на надлежните работници во секторот за вештачко влијание и модификација

на времето. Резултатот од непочитувањето на законот и донесените упатства и инструкции може да доведе до несакани последици по безбедноста и здравјето на луѓето и животната средина.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на УХМР во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да преземе соодветни мерки за навремено донесување на Програмата за работа за наредните години, имајќи ја предвид потребата на истата како критериум и обврска за известување во врска со извршените активности до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за соодветната година.
2. УХМР да изготвува годишен извештај за работењето на управата и истиот да го доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кој ќе биде составен дел на годишниот извештај на министерството и доставен до Владата на РМ.
3. Директорот на УХМР да ги утврди предлог прописите во соработка со раководителите на организационите единици кои се надлежни за извршување на Законот и да ги достави до Владата на РМ и надлежните министри за усогласување и донесување.
4. Одговорните лица во УХМР доследно да ги применуваат упатствата и инструкциите за начинот на организирање и работа со противградобијните ракети во рамките на системот за одбрана од град.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници Управата за хидрометеоролошки работи не води книга за набавки и книга (попис) за ситниот инвентар, а набавените материјали, резервни делови и гуми, ситен инвентар, алат и други материјали, не ги евидентира преку сметките за залихи на материјали, ситен инвентар и резервни делови и сметката останат капитал, и не води материјално книговодство, освен за противградобијните ракети, што придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во деловните книги.

11.2.2. УХМР нема обезбедено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи, што е спротивно на чл 17 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што може да доведе до несовесно располагање и злоупотреба со буџетските средства од страна на лицата вработени во управата.

11.2.3. Директорот на УХМР нема донесено акт (решение) за одредување на лице одговорен сметководител што е спротивно на чл 16 ст 1 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На годишната пресметка е потпишан раководител на одделение за финансиски работи, без овластување на директорот. Ваквата состојба може да има за последица необезбедена одговорност за финансиските извештаи на УХМР за 2005 година.

11.2.4. Не е извршен попис на средствата (земјишта, градежни објекти, опрема, други материјални средства, побарувања и обврски, материјали на залиха и ситниот инвентар) и изворите на средства на начин пропишан со

законските прописи. Извршен е физички попис по место на наоѓање на опремата и ситниот инвентар при што пописните листи се неуредни, непотполни, а одделни пописни листи не се потпишани од сите членови на комисијата или од ракувачот со опремата и ситниот инвентар. Голем дел од нив не содржат инвентарни броеви, а дел се прецртувани и дополнително менувани. Исто така, пописната комисија во својот извештај дала забелешки дека задолженијата (реверсите) и предметите немаат идентични инвентарни броеви и постои расходувана опрема и ситен инвентар за кои комисијата на спровела постапка за расчистување и отстранување од просториите на УНМР. За опремата која што се наоѓа во лабораторијата, сместена во просторија на УХМР, и е сопственост на Министерството за животна средина, не се изготвени пописни листи за туѓи основни средства.

Со пописот не се опфатени земјиштата и градежните објекти и не е утврдена нивната состојба, евентуалните оштетувања, дали се вршени дополнителни вложувања во нив и сл. Не е извршен попис ниту на другите материјалните средства (книги во библиотека), за кои обврската за попис е на секои 5 години, а последен пат е извршен во 1996 година.

Пописот на побарувањата и обврските не е вршен на соодветен начин за да се утврди фактичката состојба, како и правниот основ на постоење на истите, посебно што во сметководството се искажани салда на побарувања од минати години, како и долговни салда кај обврските. Состојбите се превземени од сметководствената евиденција, без утврдување на старосната структура на салдата и предлог за нивно расчистување.

Посебно се истакнува дека во претходните години и за 2006 година во пописната комисија се назначуваат лица кои секоја година се повторуваат, со менување на местото член и заменик член, а претседателот на пописната комисија е секогаш истото лице, што може да влијае на нереално утврдување на фактичката состојба.

Имајќи ја предвид ваквата состојба ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции на ден 31.12.2005 година.

11.2.5. Поради специфичноста на противградобијните ракети како експлозивни материи за кои е потребен посебен третман при ракувањето и чувањето на истите, и износот на залиха искажан во сметководството од 15.827 илјади денари, ревизијата го истакнува неизвршениот попис на ПГ ракетите на залиха во магацинот во Криволак, Неготино, од причина што пописната листа за физички попис со состојба на 31.12.2005 година не е потпишана од пописната комисија, ниту од лицето задолжено за ракување со ПГ ракетите, поради што и не е извршено усогласување на книговодствената состојба со фактичката состојба со попис, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Нема посебни листи за ПГ ракетите кои се со изминат рок по видови на ракети, не е утврдена причината за големиот број на ракети со изминат рок и нема предлог од комисијата за превземање на соодветни мерки. Раздолжувањето по количина и видови на ракети во материјалната евиденција во 2005 година не одговара на документацијата (извештаите за состојбата на 30.06 и 31.12.2005 година) врз основа на која се врши намалување на залихата, поради што вредноста на ПГ ракетите на залиха на 31.12.2005 година е искажана во помал износ за 382 илјади денари. Не е дадена исправка за книжење поради неизвршен попис, како и поради разликите за состојбата на ПГР во самите извештаи.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

11.2.6. Вредноста на постојаните средства, не е усогласена со државниот јавен капитал за износ од 1.287 илјади денари, а вредноста на залихите не е усогласена со останатиот капитал за износ од 1.301 илјади денари, поради несоодветен начин на водење на сметководството во изминатите години, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбата на соодветните сметки во деловните книги.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во УХМР да воведат евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, алат и други материјали преку соодветните сметки од сметковниот план, материјалното книговодство да го поврзат со главната книга и дневникот, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
2. УХМР да обезбеди внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
3. Да се изврши попис на средствата и изворите на средства согласно законските прописи.
4. Одговорните лица за финансии и сметководство да утврдат од што произлегува разликата која потекнува од минати години и врз основа на тоа да спроведат соодветни книжења за усогласување на состојбите на постојаните средства со државниот јавен капитал и залихите со останатиот капитал.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:**

11.3.1. Ревизијата неможеше да се увери во реалноста и објективноста на потрошените средства за контрола и следење на квалитетот на животната средина и хидролошки мониторинг кои се во надлежност на УХМР во рамките на секторот за хидрологија и контрола на квалитетот на животната средина во износ од 13.995 илјади денари (17,26%), од причина што при изготвување на предлог буџетската пресметка не е извршено разграничување на трошоците за обавување на основната функција од трошоците за проектите во чија реализација УХМР е вклучена, согласно договорите за соработка склучени помеѓу Министерството за животна средина и УХМР од 2000 година, со цел за воспоставување на мониторинг систем за следење на состојбите на реките во Македонија. Надлежен орган за спроведување на проектите е Министерството за животна средина, во кое е отворена посебна сметка за донаторските средства на која потписници се министерот за животна средина и директорот на УХМР, а останатите средства ќе се реализираат преку Министерството за финансии по доставување на фактури за реализирани работи согласно Програмата. Според решението за формирање на групи за реализација на проектите од 2000 година вклучени се 10 лица вработени во УХМР, а за реализација на предвидените активности потребни се финансиски средства за покривање на патни и дневни расходи, комунални услуги, лабораториски работи, хемикалии, лабораториска стакларија, ситен и потрошен материјал, надоместоци за набљудувачи за извршени мерења и друго, како и плати и надоместоци за вработените ангажирани во овие проекти. За остварување на целта согласно програмите и проектите во рамките на УХМР извршена е реконструкција и адаптација на просторија во лабораторија за мониторинг систем, чиј инвеститор е Министерството за животна средина, по проект од 2002 година. Согласно договорите за соработка, по завршувањето на

проектите опремата, набавена за нивна реализација ќе биде распоредена со посебен договор, склучен помеѓу Министерството и УХМР.

11.3.2. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на расходите за надоместоци за патување во земјата-хранарина (дневница) при следење и мерење на промените и состојбата на квалитетот на водите и метеоролошко бдеење во износ од 3.171 илјади денари, од причина што во налозите за користење на патнички автомобил за службени потреби не е наведено времето на поаѓање и враќање од службеното патување, односно траењето на патувањето кое што ја детерминира исплатата на дневницата, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Во сите случаи е исплатувано дневница од 800,00 денари, иако патувањето може да трае помалку од 12 часа, при што следува дневница од 400,00 денари, согласно Законот за извршување на Буџетот, што доведува до неосновано потрошени буџетски средства.

**Препораки и мерки:**

1. Да се врши разграничување на трошоците потребни за реализација на проектите со цел истите да бидат покриени од средствата обезбедени за таа намена, како и да се изврши контрола на степенот на завршеност на проектите и доколку се реализирани да се донесе посебен акт за превземање на опремата.
2. Висината на надоместокот за патување во земјата-хранарина (дневница) да се определува во зависност од траењето на патувањето врз основа на уредно пополнети налози за користење на патнички автомобил за службени потреби со наведување на времето на поаѓање и враќање од службеното патување.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:**

11.4.1. Не е извршена ревалоризација на земјиштето со состојба на 31.12.2005 година односно не е извршено сведување на сметководствената вредност на земјиштето евидентирано во деловните книги (Претор и Демир Капија) на ревалоризираната вредност според проценетата-пазарна вредност што ја дава Управата за јавни приходи – даночно одделение, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно искажување на билансните позиции во финансиските извештаи. Разликата помеѓу вредноста дадена од УЈП во последните добиени писма – одговори на барањата од УХМР од 2003 година и книговодствената вредност изнесува 1.787 илјади денари. За 2005 година нема испратено барања до УЈП за добивање на проценета-пазарна вредност на земјиштето.

11.4.2. Според прегледот на имотната состојба на објектите низ Републиката и документацијата (решенија од Државниот завод за геодетски работи, поседовни листови, записници од комисии на терен-скици од минати години, одобренија за градба, решенија за доделено земјиште) за дел од објектите и земјиштата УХМР има обезбедено имотен лист (доказ за сопственост), а за дел нема. Во деловните книги не се евидентирани сите видови на земјишта со кои располага УХМР во останатите градови во РМ, освен за Претор и Демир Капија, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно искажување на билансните позиции во финансиските извештаи, како и нецелосна слика за вкупниот државен имот

со кои располага УХМР. Вкупната површина на земјиште според прегледот на имотна состојба за Метеоролошките станици и Противградобијните полигони изнесува 58.092 м кв, а во деловните книги евидентирано е земјиште со површина од 3.664 м кв.

11.4.3. УХМР нема установено и воведено евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) што ги користи управата со податоци за недвижната ствар со која располага државниот орган, ниту пак доставило податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31.12.2005 година до Државниот завод за геодетски работи, што е спротивно на одредбите од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и Одлуката за начинот, формата и содржината на евидентна книга за недвижните ствари што ги користат државните органи. Резултатот од неевидентирањето и неводењето на внатрешната евиденција на недвижните ствари е необјективно и нереално искажување на билансните позиции, како и немање на сознание за вкупната вредност на недвижни ствари со кои располага РМ.

11.4.4. Ревизијата има обврска да истакне дека доколку се изврши споредба на набавките и потрошените ПГР во периодот од 2003 до 2005 година може да се констатира дека извршени се набавки од вкупно 856 ПГР, а потрошени се вкупно 481 ПГР односно половина од вкупните набавки, при што треба да се земе во предвид и залихата која била на располагање на 1.01.2003 година вкупно 612 ПГР. Ревизијата не доби уверување дали и колкава била потребата од набавки во периодот од последните 3 години, земајќи го во предвид и преземањето обврска од страна на производителот односно продавачот за преглед и сервисирање на ракетите на кои им е изминат гарантниот рок со цел за продолжување на рокот и преземање обврска за секоја неуспешна ракета при употребата да ја замени со нова без надомест. Исто така се доведува под прашање одговорноста на лицето кое ги набавувало во изминатиот период и непревземањето на соодветни мерки за сервис и преглед на ПГР со цел продолжување на рокот за употреба и навремената замена на неисправните ракети без надомест, заради заштеда на буџетски средства од нови набавки. Обично набавките во претходниот период биле вршени од Макпетрол Темко АД Скопје, кој не ги исполнувал обврските по договорот.

11.4.5. Ревизијата утврди неевидентирани обврски по фактури за електрична енергија и телефонски услуги од 2005 година, со што помалку се искажани активни временски разграничувања и обврски спрема добавувачи под 31.12.2005 година, во вкупен износ од 670 илјади денари, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препораки и мерки:**

1. Да се изврши ревалоризација на земјиштето согласно проценетата пазарна вредност од Управата за јавни приходи.
2. УХМР да воведе евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) што ги користи управата и да достави податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31.12.2005 година до Државниот завод за геодетски работи. Исто така, да обезбеди доказ за сопственост (имотен лист) за земјиштето и сите градежни објекти кои се дадени на користење на УХМР.
3. Во деловните книги редовно и навремено да се евидентираат влезните фактури од добавувачите во годината за која се однесуваат.

4. Директорот на УХМР да формира комисија за утврдување на причините кои довеле до создавање голема залиха на ПГР со изминат гарантен рок и да се утврди одговорноста на лицата кои придонеле за ваквата состојба.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.5.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи:

- ненаменски потрошени средства за извршена набавка надградба на радарски систем во износ од 480 илјади денари од средствата од ставката ситен инвентар, алат и други материјали, наместо од ставка купување на мебел, опрема, возила и машини, без согласност од Министерството за финансии за пренамена на средства, спротивно на Законот за извршување на Буџетот. За вредноста на надградбата не е извршено зголемување на вредноста на опремата што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект помалку искажана вредност на опремата и државниот јавен капитал.
- Ненаменски потрошени средства во вкупен износ од 108 илјади денари по основ на утврдено пречекорување над правото за користење на службен мобилен и фиксен телефон кај одделни вработени во УХМР, при што вработените кои го пречекориле ограничувањето, утврдено согласно решенијата за определување на правото на користење на службени телефони, не се задолжени за надомест на разликата.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во УХМР да преземат соодветни мерки за примена на Законот за буџетите во однос на наменското и законско користење на средствата согласно одобрениот буџет.
2. Да се преземаат навремени и соодветни мерки за наплата на пречекорувањето од користење на службени телефони од вработените, како и да се донесат решенија за задолжување на утврдените пречекорувања за изминатиот период и враќање на средствата во Буџетот на РМ.

11.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди:

- Одделни записници и извештаи од комисијата за јавни набавки не се потпишани од сите членови на комисијата.
- Изборот и рангирањето на понудувачите при одделни набавки (кај канцелариски материјали, ситен инвентар, алат и други материјали, и набавката на други материјали за специјална намена) е извршен од страна на неовластени лица: вишиот референт - набавувач и раководител на одделението за следење на квалитетот на водите, воздухот и почвата, наместо од комисијата за јавни набавки.
- За набавките од мала вредност не се води посебна евиденција од страна на вишиот референт – набавувач, и за дел од набавките од мала вредност не се доставени покани за доставување на понуди до понудувачите (правни и физички лица).
- За поправка и одржување на опрема се потрошени вкупно 355 илјади денари, за кое што не е спроведена постапка за јавна набавка, односно спроведени се неколку набавки од мала вредност кои ја надминуваат вредноста од 3000 евра.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

- Спротивно на членот 21 од Законот за јавни набавки, членовите на Комисијата за јавни набавки, по отварањето на понудите за дел од набавките не потпишувале изјава во писмена форма за постоењето или непостоењето на конфликт на интереси, а кои претставуваат составен дел на документацијата за соодветната јавна набавка.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во УХМР да преземат соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и интерните акти на УХМР со што ќе се обезбеди фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2.1. до 11.2.6; 11.3.1. до 11.3.2. и 11.4.1. до 11.4.5. не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на УХМР - сметка за средства од Буџетот на РМ, под 31.12.2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај УХМР - сметка за средства од Буџетот на РМ, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи за 2005 година, освен во точка 11.5.1 и 11.5.2 ал 4.

14. Обрнуваме внимание на одделни состојби во работењето на УХМР, и тоа:

- Во месец февруари 2006 година до директорот на УХМР доставен е извештај за состојбата со ПГ ракетите во кој што е кажано дека 456 ПГР се вон гарантен рок во магацинот во Криволак заклучно со 31.12.2005 година поради што истите не може да бидат употребувани во системот за ПГ одбрана. Според материјалните картици и извршената ревизија преку документацијата, вредноста на овие ракети изнесува вкупно 7.708 илјади денари, а потекнуваат од набавки во 2003, 2002 и од претходни години. Во месец март 2006 година доставено е писмо до Владата на РМ, Дирекција за заштита и спасување, со барање нивна помош околу уништувањето на 456 ПГР со изминат гарантен рок, на кое писмо е добиен одговор на 10.03.2006 и на 21.04.2006 година со закажан термин дека уништувањето ќе се изврши на ден 28.04.2006 година. Меѓутоа, УХМР се откажал од уништување на ПГР поради дополнителни активности кои требало да ги извршат, за што ја известил дирекцијата на 25.04.2006 година, за одложување за извесно време. До завршувањето на ревизијата не е извршено уништување, ниту пак се преземени некакви дополнителни активности, освен доставено писмо од 24.08.2006 година до Макпетрол Темко АД Скопје, во кое го известува дека има обврска согласно чл 8 од договорот од 2003 година да изврши преглед и сервисирање на 74 на број ПГ ракети кај кои е изминат гарантниот рок со цел продолжување на истиот, за да може да се стават во употреба. Не е добиен одговор на ова писмо, а не се преземени никакви мерки против Макпетрол Темко АД Скопје пред надлежен суд за остварување на правата на УХМР согласно договорот, што доведува до зголемено трошење на буџетски средства за набавка на нови ПГ ракети.

- Во изминатиот период против УХМР поднесени се тужби пред судот од одделни субјекти со барања за наплата на парични побарувања или за надомест на штета, за кои постапките се во тек и не се знае какви и колкави обврски ќе произлезат од ваквите спорови во иднина, имајќи го во предвид времетраењето на спорот и каматата која би се платила, кое пак ќе предизвика одлив на буџетски средства во зависност од крајниот резултат. Судски спорови имаат заведено: физичко лице за надомест на штета од противградобијна ракета во вкупен износ од 617 илјади денари, АД Македонски телекомуникации, Скопје во вкупен износ од 617 илјади денари и АД Електростопанство на Македонија, Скопје во вкупен износ од 696 илјади денари.

**Скопје, 15.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 81.689 | 74.385 |
| **Вкупно приходи** | **81.689** | **74.385** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 54.150 | 48.896 |
| Резерви и недефинирани расходи | 124 | 30 |
| Стоки и услуги | 26.915 | 25.067 |
| **Вкупно тековни расходи** | **81.189** | **73.993** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 500 | 392 |
| **Вкупно капитални расходи** | **500** | **392** |
| **Вкупно расходи** | **81.689** | **74.385** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 32 | 32 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 50 | 50 |
| Побарувања од вработените | 40 | 31 |
| Финансиски и пресметковни односи | 25 | 25 |
| Активни временски разграничувања | 4.983 | 4.119 |
| Залихи | 15.827 | 15.936 |
| **Вкупно тековни средства** | **20.957** | **20.193** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 864 | 864 |
| Материјални средства | 56.826 | 57.536 |
| **Вкупно постојани средства** | **57.690** | **58.400** |
| **Вкупна актива** | **78.647** | **78.593** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 785 | 335 |
| Краткорочни финансиски обврски | 18 | 85 |
| Обврски спрема државата и други институции | 3 | 5 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.222 | 3.730 |
| **Вкупно тековни обврски** | **5.028** | **4.155** |
| **Долгорочни обврски** | **88** | **88** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 73.531 | 74.350 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **73.531** | **74.350** |
| **Вкупна пасива** | **78.647** | **78.593** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **57.113** | **17.237** | **74.350** |
| **Зголемување по основ на:** | **3.291** | **4.194** | **7.485** |
| Набавки | 512 | 4.194 | **4.706** |
| Набавена опрема од средства од Фаре | 2.682 | - | **-** |
| Донација | 97 | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **4.001** | **4.303** | **8.304** |
| Расходи и отуѓувања | 94 | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | - | 4.303 | **4.303** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | **-** |
| Амортизација | 3.907 | - | **3.907** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **56.403** | **17.128** | **73.531** |